РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

# Правото на слобода на изразување низ домашната судска пракса и судската пракса на ЕСЧП


м-р. **Александар Шопов**
Судија на Основен суд Велес


*LMS online, 14 април 2021 г.*

EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS
COUR EUROPÉENNE DES DROITS DE L'HOMME


SOME PEOPLE'S IDEA OF FREE SPEECH IS THAT THEY ARE FREE TO SAY WHAT THEY LIKE, BUT IF ANYONE SAYS ANYTHING BACK, THAT IS AN OUTRAGE.
- SIR WINSTON CHURCHILL


МОЖЕБИ НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ СО ОНА ШТО ГО ЗБОРУВАШ, НО ДО СМРТ ЌЕ ГО БРАНАМ ТВОЕТО ПРАВО ДА ЗБОРУВАШ!
VOLTAIRE


"Our lives begin to end the day we become silent about things that matter."
Martin Luther King, Jr.


If the freedom of speech is taken away then dumb and silent we may be led, like sheep to the slaughter.
(George Washington)
izquotes.com

# ЗАКОН ЗА ГРАЃАНСКА ОДГОВОРНОСТ ЗА КЛЕВЕТА И НАВРЕДА

## **чл.2 ст.2**

Ограничувањата на слободата на изразување и информирање законски се уредуваат со определување на стриктни услови за граѓанска одговорност за навреда и клевета, во согласност со Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи (член 10) и практиката на Европскиот суд за човекови права.

## **чл.3**

Ако судот со примена на одредбите од овој закон не може да реши определено прашање поврзано со утврдувањето на одговорноста за навреда или клевета, или смета дека постои законска празнина или судир на одредбите на овој закон со Европската конвенција за заштита на основните човекови права, врз начелото на нејзино предимство над домашното право **ќе ги примени одредбите на Европската конвенција** за заштита на основните човекови права и становиштата на Европскиот суд за човекови права содржани во неговите пресуди.



# Слобода на изразување:

# ОПСЕГ?

- Слобода **<u>да се има</u>** мислење
- Слобода **<u>да се шират</u>** информации
- Слобода **<u>да се примаат</u>** информации и идеи

EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS

COUR EUROPÉENNE DES DROITS DE L'HOMME

## Како да се балансираат правото на приватност и правото на слобода на изразување?

**Право на пристап на јавноста до информации**

**Јавен интерес**



**Приватност**

Овие две права Конвенцијата ги поставува на еднакво ниво. Тоа укажува на неопходноста од постигнување баланс помеѓу нив!


Изразот
упатен до
равосудните тел
изразот упатен до обичните луѓе
изразот упатен кон државните службеници
(освен политичарите) изразот упатен кон јавните личности
изразот упатен кон политичарите и бирократите на високи позиции што учествуваат во политиките што се спроведуваат
изразите упатени кон државата, владата и кон другите државни институции (што немаат правосудна функција)
Правосудни органи
Обични луѓе
Државни службеници
Јавни личности (освен политичари)
Политичари и бирократи на високи позиции
Држава, влада и други државни институции (освен правосудство)

# Гаранции на формата

Член 10 од ЕКЧП не гарантира само заштита на **содржината** на говорот туку и на **формата**.

Посебна заштита, која се должи на формата, им се дава на:

- сатирата *(Różycki and Kuliś против Полска)*
- на поезијата *(Karatas против Турција)*,
- на романите *(Akadas против Турција)*.



# Улогата на медиумите

Иако во член 10 од ЕКЧП експлицитно не е опфатена слободата на печатот, Судот има развиено широка судска практика што обезбедува **збир на принципи и правила што му доделуваат на печатот посебен статус во уживањето на слободите** содржани во член 10.

Улогата на печатот како политички чувар првпат е истакната во случајот ***Lingens против Австрија*** *(9815/82):*

„Слободата на изразување има посебна важност кога печатот е во прашање – задача на средствата за јавно информирање е да ги направат достапни информациите и идеите за политичките прашања, а јавноста од друга страна има право да ги прими овие информации.

Освен тоа, слободата на печатот претставува еден од најдобрите начини јавноста да дознае и да формира мислење околу ставовите на политичките лидери, чии граници на прифатливост на критика се пошироки отколку кај обичниот поединец.“

# Слободата на новинарското изразување

Новинарите имаат улога на **пренесувач на информации и идеи**, а јавноста има право да ги добива истите. Во спротивно, новинарството нема да може да ја остварува својата улога на „јавен надзорник“, критичар, чувар на прогресот и демократијата.






Новинарската слобода на изразување подразбира **обврски и одговорности** за проверка на фактите, верификација на изворите и дејствување во добра верба кон јавниот, но и кон приватниот интерес

# Слободата на новинарското изразување

- Слободата на изразување практикувана од новинарите пред ЕСЧП има „**привилегиран статус**“ поради влијанието на јавните дебати врз работотите од општествен интерес.

- Обемот на новинарската слобода на изразување е најшироко конституиран, така што да дозволи и одреден степен на претерување, па дури и провоцирање.

- Сепак, Судот многу пати дека е должност на новинарите да постапуваат со добра намера во пренесувањето на точни и веродостојни информации во согласност со новинарската етика.



# ТЕСТ НА ПРОПОРЦИОНАЛНОСТ
## (тест во три чекори)

Се користи од ЕСЧП за решавање на случаите во врска со правото на слобода на изразување (вклучително и за членовите 8, 9 и 11 од ЕКЧП)

Се применува само доколку се утврди дека во случајот постои интервенција во правото на слобода на изразување!

**3 кумулативни услови:**

- Мерката е „**пропишана со закон**“
- Мерката е насочена кон заштита на „**легитимна цел**“
- Мерката е „**неопходна во едно демократско општество**“



# https://hudoc.echr.coe.int/



# 1.

Пишувајќи статија за лидерот на Партијата на слободата, еден новинар го анализирал неодамнешниот говор на политичарот, нарекувајќи го „**идиот**“.



# 1.

Пишувајќи статија за лидерот на Партијата на слободата, еден новинар го анализирал неодамнешниот говор на политичарот, нарекувајќи го „**идиот**“.

**Oberschlick v. Austria, 1991:**

Новинарот бил осуден за „клевета и навреда“ во кривична постапка

**ЕСЧП - ПОВРЕДА НА ЧЛ.10**

Судот оценил дека зборот „идиот“ не бил изнесен во форма на личен напад кон политичарот, туку треба да се гледа во целокупноста на статијата и како таков тој отсликува „мислење со вредносна оцена“ кое има основа да биде заштитено со правото на слобода на изразување, прифатена како вредносно оценување на работата на еден политичар.

# 2.

**Новинар** во својата колумна за објавен текст од страна на **друг новинар** го навел следново:

*„Парче чиста глупост и измама без преседан. Доколку не беше десничар, ќе можеше да се тврди дека дури и* ***Гебелс*** *[шеф на пропагандата во ерата на нацистичка Германија] не би го извел тоа подобро.“*



# 2.

**Новинар** во својата колумна за објавен текст од страна на **друг новинар** го навел следново:

*„Парче чиста глупост и измама без преседан. Доколку не беше десничар, ќе можеше да се тврди дека дури и **Гебелс** [шеф на пропагандата во ерата на нацистичка Германија] не би го извел тоа подобро.“*

**Krutil v. Germany, 2003:**

Новинарот бил осуден за навреда во кривична постапка

**ЕСЧП - НЕМА ПОВРЕДА НА ЧЛ.10**

Судот констатирал дека **„какви и да биле намерите на авторот на текстот, нема сомнеж дека споредбата на новинар со личност како Гебелс, ја доведува во прашање неговата чест и ги надминува границите на прифатлива критика, дури и во контекст на дебата помеѓу двајца протагонисти во јавниот живот ...“** Судот ја земал предвид и малата парична казна, при чие одмерување бил земен предвид и приходот на апликантот.

# УСЛОВИ ЗА ИСКЛУЧУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ ЗА КЛЕВЕТА
## - според стандардите на ЕСЧП -

**= Изјавата е точна =**

### Ristamaki and Korvola против Финска (66456/09)

Двајца уредници во ТВ емисија јавно го критикуваат недостигот од соработка помеѓу властите во врска со конкретна истрага за економски криминал. Откриваат дека даночните власти одбиле барање на Националното Биро за Истраги да спроведат инспекциски надзор врз две компании кои раководат со спортски центар, со цел да утврдат дали центарот е купен од К.У. - познат бизнисмен на кого, во тоа време му се судело за економски криминал. Ден подоцна емисијата е репризирана, со дополнување на изјава од деловен партнер на бизнисменот кој појаснува дека парите за спортскиот центар не биле на К.У. туку на осигурителна компанија.

Уредниците се кривично осудени за клевета на 30 дневни глоби и плаќање на отштета на бизнисменот К.У.



# УСЛОВИ ЗА ИСКЛУЧУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ ЗА КЛЕВЕТА
## - според стандардите на ЕСЧП -

**= Изјавата е точна =**

Ristamaki and Korvola против Финска (66456/09)

**Повреда на чл.10 од ЕКЧП**

Судот утврдил дека во емисијата се изнесени факти, без елементи за инсинуација. Емисијата имала за цел откривање на нефукнционирањето на администрацијата и даночните власти, а фактите биде објективно презентирани и без провокација или претерување. Споменувањето на бизнисменот К.У. било повеќе како потенцијално сознание кое требало да се испита, отколку како клеветење.

Во фокусот на емисијата биле даночните власти, што е легитимен јавен интерес. Судот особено ценел дека во репризата на емисијата било каква инсинуација за бизнисменот К.У. е отстранета од неговиот деловен партнер.



# УСЛОВИ ЗА ИСКЛУЧУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ ЗА КЛЕВЕТА

## - според стандардите на ЕСЧП -

**= Се работи за политички говор =**

Castells против Шпанија (11798/85)

Член на парламент е кривично осуден за клевета и навреда на Владата на Шпанија, заради статија објавена во неделник. Во статијата се изнесени остри критики кон Владата за нерасчистените убиства и криминал во Баскија во 1979 година.

**Повреда на чл.10 од ЕКЧП**

Судот укажува дека слободата на изразување ги опфаќа дури и информациите кои се шокантни за јавноста, особено ако се изнесени од опозиционен политичар, бидејќи тоа придонесува за политичка дебата во јавен интерес. Границите на прифатлива критика се пошироки кај Владата, отколку кај приватните лица – властите мора да се изложат на груба скрутинизација, особено од печатот и јавното мислење.

# УСЛОВИ ЗА ИСКЛУЧУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ ЗА КЛЕВЕТА
## - според стандардите на ЕСЧП -

**= Се работи за сатира =**

Kuliś and Różycki против Полска (27209/03)

Издавачка куќа објавила <u>цртеж</u> преку кој ја <u>критикува</u> рекламната кампања на еден производител на чипс кој во својата кампања го нарекол популарниот детски цртан лик со име „Рексио“ како „убиец“.

Цртежот прикажува дете кое држи пакување од производот (чипс) и вели: „Не грижи се. И јас ќе бев убиец ако ја јадев оваа гадост“. Над цртежот стои наслов „Полските деца се шокирани од рекламата за чипс, „Рексио е убиец“.

Во граѓанска парница утврдено е дека издавачката куќа е одговорна за клевета поради неоправдана дискредитација на производителот на чипсот.



# УСЛОВИ ЗА ИСКЛУЧУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ ЗА КЛЕВЕТА
## - според стандардите на ЕСЧП -

**= Се работи за сатира =**

Kuliś and Różycki против Полска (27209/03)

**Повреда на чл.10 од ЕКЧП**

Судот наоѓа дека домашните судови не обрнале доволно внимание на аргументите дека сатиричниот цртеж всушност бил одговор на рекламната кампања на производителот на чипс која била наменета кон децата и притоа користела слоган на груб и недозволен начин кон популарниот детски цртан лик. Тоа го подига прашањето на јавен интерес на најмладата популација.
Исто така, примарната цел на објавата не била да се дискредитира квалитетот на чипсот, туку да се подигне свест на видот на слоганите кои ги употребува производителот и недопуштеноста на користење на груби тактики за подигање на продажбата.
Иако зборовите од објавата се претерувачки, тоа е само реакција на кампањата на производителот кој и самиот не покажал сензитивност и разбирање за најмладата популација. Во тој контекст, објавата не ги пречекорила дозволените граници на слободата на печатот.

# УСЛОВИ ЗА ИСКЛУЧУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ ЗА КЛЕВЕТА
## - според стандардите на ЕСЧП -

**= Изјавата е насочена кон некоја институција на државата =**

## Otegi Mondragon против Шпанија (2034/07)

Портпарол на парламентарната група на Баските го искоментирал неодамнешното затворање на еден баскиски весник, апсењето на неговите главни уредници и нивните жалби за лош третман во притворот. Осврнувајќи се на посетата на Кралот на Шпанија на Баскија, тој кажал: „Како некој може денес да се слика во Билбао со Кралот на Шпанија кога [тој] е врховен командант на шпанската армија, односно лице кое им командува на џелатите, ја брани тортурата и го наметнува својот монархистички режим врз нашиот народ со тортура и насилство?“

Бил осуден на затворска казна од една година за нанесување сериозна навреда на Кралот.



## УСЛОВИ ЗА ИСКЛУЧУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ ЗА КЛЕВЕТА
### - според стандардите на ЕСЧП -

**= Изјавата е насочена кон некоја институција на државата =**

Otegi Mondragon против Шпанија (2034/07)

**Повреда на чл.10 од ЕКЧП**

Судот наоѓа дека фразите кои биле употребени можеле да се сметаат за дел од поширока јавна дебата за потенцијалната одговорност на државните безбедносни сили во случај на лошо постапување.
Фактот што Кралот останува неутрален во политичките дебати и неговата позиција како арбитер и симбол на државата не можат да го заштитат од критики при вршењето на неговите официјални должности.
Спорните забелешки не се однесуваат на приватниот живот на Кралот или на неговата лична чест, со оглед дека се однесуваат само на уставната одговорност на Кралот како шеф и симбол на државниот апарат и оружените сили.



## УСЛОВИ ЗА ИСКЛУЧУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ ЗА КЛЕВЕТА

- според стандардите на ЕСЧП -

**= Изјавата се однесува на прашања од јавен интерес =**

Thorgeirson против Исланд (13778/88)

Исландски писател објавил две статии во врска со повеќе инциденти кои инволвирале гласини за полициска бруталност. Во нив се обратил до Министерот за правда повикувајќи го соодветно да реагира, при што ги употребил зборовите „sверови во униформа“, „жртви на ноќната патрола“, „жртви на полициските грубијани“ и слично.

Бил кривично осуден за клевета, на парична казна или замена со 8 дена затвор.

**Повреда на чл.10 од ЕКЧП**

Судот оценил дека целта на статиите била да се повика Министерот за правда да формира независно тело кое ќе ги испита жалбите за полициска бруталност. Статиите се однесувале на прашања од сериозно јавно значење. Имајќи ја предвид нивната цел и влијанието што требало да го имаат, Судот е на мислење дека користениот јазик не може да се смета за претеран. Покрај тоа, осудата и казната може да ја обесхрабрат отворената дискусија за прашања од јавен интерес.

# СУДИЈА и СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ

*Бака против Унгарија (Baka v. Hungary) (пресуда од 27 мај 2014 година)*

**Подносителот на апликација,** во професионално својство **претседател на Врховниот суд** и на **Националниот совет за правда, го изразил своето мислење за четири законодавни реформи што влијаат врз судството**. Реформите се однесувале на прашања поврзани со функционирањето и реформата на правосудниот систем, независноста и неможноста да се разрешат судии и со возраста за пензионирање на судиите.

Судот прифаќа дека прашањата за функционирање на правосудниот систем се прашања од јавен интерес и дебатата во однос на тоа ја ужива заштитата од член 10, дури и ако некое прашање за кое се дебатира има политички последици, бидејќи тоа само по себе не е доволно за да го спречи судијата да даде изјава во однос на прашањето.

Судот заклучува дека статусот што го ужива подносителот на апликација како претседател на Врховниот суд не го лишува од заштитата од член 10.

# СУДИЈА и СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ

EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS
COUR EUROPÉENNE DES DROITS DE L'HOMME

FOURTH SECTION

**CASE OF PANIOGLU v. ROMANIA**

*(Application no. 33794/14)*

JUDGMENT

Art 10 • Freedom of expression • Fair balance struck in imposing code-of-conduct penalty on judge for publishing unsubstantiated allegations calling into question moral and professional integrity of a fellow judge • Interpretation of the Code provision reasonable and foreseeable for a professional with extensive experience in the field • Applicant expected as a judge to show restraint in exercising freedom of expression where the authority and impartiality of the judiciary are likely to be called into question • Decision permanently included on applicant's professional file and taken into account when assessing applications for promotion, but not preventing participation in promotion competitions • Penalty proportionate in the circumstances

STRASBOURG

8 December 2020

Во март 2012 година романска судијка на Апелационен суд Букурешт, напишала статија поврзана со актуелната претседателка на романскиот Касациски (Врховен) суд, со наслов: „Ништо околу тоа како ’Камарад’ обвинител стана претседател на сите судии“:

**“Nothing about how a Comrade Prosecutor has become the president of all judges”**.

# СУДИЈА и СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ

**ЕСЧП: Нема повреда на чл.10 од ЕКЧП**

...судијката – апликантка ја објавила статијата потпишана со нејзиното име, но и судска титула, што е повеќе од доволно случајот да се анализира во светло на нејзината позиција во правосудниот систем. Нејзина крајна цел не бил приватниот живот на претседателката на Касацискиот суд, туку нејзината улога и професионална активност како обвинител во време на поранешниот систем и развојот на нејзината кариера во избор на претседател на највисокиот суд. Во тој контекст, Судот прифатил дека статијата го засега јавниот интерес поврзан со функционирањето и реформите на судскиот систем.

Судот, потпирајќи се на етичките правила на судско однесување, нагласил дека мора да се очекува од јавните функционери кои служат на правосудството **сами да го ограничат своето право на слобода на изразување во сите случаи** кога авторитетот и независноста на судството може да се доведе во прашање и да практикуваат максимална дискреција да користат јавен настап, дури и кога би биле провоцирани, потенцирајќи ја важноста судството да ужива најголема доверба во јавноста.

# Од македонската судска пракса...



# МЕСНА НАДЛЕЖНОСТ НА СУД ?

***Решение ГЖ.бр.2070/19 од 21.10.2019 г. на АС Битола***

Клевета содржана во **претставка**, составена од тужениот во Куманово и доставена до ЦСР Куманово, но адресирана до директорот на ЦСР Охрид, против тужителките кои работат во ЦСР Охрид

„...Судот смета дека навредата и клеветата биле извршени во Охрид, кога сега тужителките и дознале за наврдливата содржина во преставката.

Навредата односно клеветата може да се смета за извршена дури откако тужителите ќе добијат сознание за изнесената содржина во претставката, што значи дека не е од влијание околноста каде претставката била составена и каде била напишана, туку до кого истата е упатена и кога тужителките дознале за наврдливата содржина.“

# ULTRA PETITUM ?

***Решение ГЖ.бр.911/19 од 15.01.2020 г. на АС Штип***

**Со тужбата** бара утврдување граѓанска одговорност за сторената клевета, да се задолжи тужената **за навредата и клеветата која ќе ја определи судот**, јавно да му се извини на тужителот и да ги повлече изјавите со кои го нарушува неговиот углед и чест како пратеник на Собранието на РМ и да ја задолжи тужената да ја надомести нематеријалната штета на тужителот во износ од 40.000,00 денари.

**Во изреката на пресудата:** Се утврдува одговорност за навреда… нанесена на 23 и 27 јануари 2019 година на нејзиниот профил на социјалната мрежа фејсбук, тужената на повеке наврати… го навредила тужителот со зборовите ,,тој откако стана претседател купи џип, купи дипломи за магистер,, понатаму исто така го навредила тужителот со зборовите ,, С. К. си купи џип само што дојде на власт, а никој не го познававме,, понатаму исто така го навредила тужителот со зборовите ,,жалосно за бастионот на општина К. кој го претставува слика има тон нема,, понатаму исто така го навредила тужителот со зборовите ,, мислам на нашиот сегашен пратеник, не е наш ама ние сите си патиме од него,,. Досудена е штета од 15.000 денари.

# ULTRA PETITUM ?

***Решение ГЖ.бр.911/19 од 15.01.2020 г. на АС Штип***

**Второстепен суд:**

… Првостепениот суд не одлучувал по поставеното тужбено барање на тужителот и самиот си направил конструкција на навредливите зборови кое нешто пресудата ја прави неразбирлива и неподобна за испитување.

По оцена на овој суд, првостепениот суд при одлучувањето не расчистил дали тужителот бара одговорност дека со изнесеното на социјалните мрежи има клевета **или** навреда согласно одредбите од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета.

# ЗБОРОВИТЕ НЕ МОРА ДА СЕ ОПИШАНИ ВО ПЕТИТУМ

***Решение ГЖ.бр.5090/19 од 26.02.2020 г. на АС Скопје***

Тужбеното барање е **одбиено како неосновано.**

*Образложение на **првостепен суд**:*

Иако тужителот навредливите и клеветничките **зборови**, „ти си криминалец, ќе видиш ти ѓубре едно за се има крај криминалецу еден бегај од тука, ќе видиш што ќе ти се случи тебе и на твојата фамилија ти едно ѓубре, криминалец еден сите Ве знаат“ **ги навел во тужбените наводи**, во петитиумот на барањето не го поставил тужбеното барање како такво, односно не ги конкретизирал навредливите и клеветнички зборови со кои би го поставил како такво, како што и ги наведува зборовите во своите тужбени наводи.

Поради тоа првостепениот суд нашол дека според чл. 2 ст. 1 од ЗПП не може да одлучи по **барање кое не е конкретизирано и е нејасно поставено**.

# ЗБОРОВИТЕ НЕ МОРА ДА СЕ ОПИШАНИ ВО ПЕТИТУМ

***Решение ГЖ.бр.5090/19 од 26.02.2020 г. на АС Скопје***

**Второстепен суд:**

… требало со сигурност да утврди дали се исполнети условите за постоење на институтот клевета и навреда, па со тоа дали на тужителот му следува надомест на нематеријална штета во бараниот износ. Во оваа смисла првостепениот суд не ценел во доволна мера дали тужителот имал обврска да ги наведе навредливите зборови во петитиумот на тужбеното барање за утврдување на граѓанска одговорност за клевета и навреда согласно чл.19 од ЗГОНК, бидејќи во конкретниот случај **се работи за утврдителна тужба**.

Имајќи во предвид дека тужителот **во референтот на тужбата ги има наведено зборовите** за кои смета дека се навредливи и клеветнички, првостепениот суд треба да го цени правниот основ на поставеното тужбено барање и да утврди **дали тие зборови се упатени** кон тужителот, дали биле упатени со цел да се омаловажи личноста на тужителот и со сигурност да се утврди дали се исполнети условите за постоење на институтот клевета и навреда.

# ПРЕКИН ЗАРАДИ ПРЕТХОДНО ПРАШАЊЕ – К.бр. ?

***Решение ГЖ.бр.2300/19 од 09.01.2020 г. на АС Битола***

Постапката е прекината до завршување на кривична постапка по предметот К.бр.92/18 на ОС Охрид, каде е донесена неправосилна пресуда со која тужениот е огласен за виновен за кривично дело „Загрозување на сигурноста“

**Второстепен суд:**

Во конкретниот случај предмет на тужбеното барање е утврдување на **граѓанска одговорност** за навреда и клевета и надомест на нематеријална штета нанесена на угледот на тужителката, па при ваква состојба, кога **решителниот факт дали на тужителката и е нанесена навреда или клевета се утврдува во граѓанска постапка**, согласно посебен закон - Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, основано се поставува прашањето дали првостепениот суд извел правилен заклучок дека одлуката по тужбеното барање зависи од исходот на кривичната постапка која се води против сега тужениот.

# МОРА ДА СЕ РАЗГРАНИЧИ КЛЕВЕТА ОД НАВРЕДА!

***Решение ГЖ.бр.406/20 од 09.06.2020 г. на АС Штип***

Судот утврдил граѓанска одговорност на тужениот за сторена **навреда и клевета** спрема тужителите на начин што на ден 22.05.2019 година се изречени навреди и клевети пред В.Р., З.Ј. и Ѓ.К. и тоа **дека** - „полициските службеници Ј. и З. се рекетари на Т., имале одврзани раце да прават што сакаат во нивната работа како полицајци, дека не примале никакви команди од Командирот на БПС бидејќи биле под влијание на началникот на СВР Т.П., дека „вршеле чистење на градот под команда на началникот“, „нивното место било во затворот, бидејќи примале пари од лица на кои им вршеле рекет и дека ќе биде фатени кога ќе земаат пари и дека З.М. веќе имал пријава пред неколку години, но дека бил ослободен заради партиски обврски“ и „Ј.М. и З. најмногу рекет вршат врз лица кои превезуваат дрва, односно кога камион полн со дрва се движел од Б. до С., тие го проследувале со службено возило за да превозниците немале никакви проблеми при транспортот, но подоцна тоа било наплаќано од страна на полициските службеници“, со што со вака изнесени **навреди и клевети** од страна на тужениот се изнесени невистини за тужителите и е повредена нивната чест и углед.

# МОРА ДА СЕ РАЗГРАНИЧИ КЛЕВЕТА ОД НАВРЕДА!

***Решение ГЖ.бр.406/20 од 09.06.2020 г. на АС Штип***

**Второстепен суд:**

Побиваната одлука е неподобна за испитување.

Поконкретно, **во изреката** на побиваната пресуда е наведено дека се утврдува граѓанска одговорност на тужениот за сторена навреда и клевета спрема тужителите, а во истата **не е разграничено во однос на тоа кое дејствие на тужениот има клеветнички, а кое дејствие има навредлив карактер** според Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета каде посебно се регулира граѓанската одговорност за навреда, а посебно за клевета, што значи дека една иста содржина и дејствие не може истовремено да има клеветнички и навредлив карактер.

За навреда се одговара ако некој сака да омаловажи друго лице а за клевета се одговара ако се изнесуваат невистинити факти.

# „Реална“ навреда – удар со шлаканица по лице

***Пресуда ГЖ.бр.357/20 од 28.05.2020 г. на АС Гостивар***

Утврдена е одговорност за навреда, заради „удар од шлаканица во пределот на лицето“.

Досудена е нематеријална штета за **чест и углед** поради навреда – 30.000 денари

Досудена е нематеријална штета за **физичка болка** 10.000 денари и за **страв** 20.000 денари

Тужениот претходно бил и прекршочно осуден по ЗППЈРМ.

Дејствие на извршување:

**Вербална навреда** – глас, збор, извик, свиреж, имитирање животно…

**Симболична навреда** - покажување рогови, карикатура, погрдна слика…

**Реална навреда** – туркање, тегнење за уши, полевање со вода, присилно стрижење, удирање шлаканица…

Може со тужба да се истакнат две тужбени барања – по ЗГОНК и по ЗОО!

# КЛЕВЕТА И НАВРЕДА ВО ЖАЛБА

***Пресуда ГЖ.бр.591/20 од 06.11.2020 г. на <u>АС Штип</u>***

Навреда и клевета **содржани во жалба против прекршочна пресуда**, со која тужениот, како обвинет, на 27 страници изнел повеќе наводи спрема тужителот – полициски инспектор кој ја повел прекршочната постапка, меѓудругото, дека земал мито, дека е лош полицаец и полн злоба, дека е лажго и измамник, дека направил заговор против него и неговиот син...

…не постојат услови за да се утврди граѓанска одговорност на тужениот за навреда и клевета од причина што сите изјави и наводи од изреката на побиваната одлука се **<u>наводи содржани во рамките на поднесок во судска постапка</u>**, во која тужителот извршувал работи од јавен интерес односно го застапувал органот за внатрешни работи како странка во постапката - овластен тужител, а **тужениот** како странка во постапката-обвинет <u>ги остварувал своите права на одбрана</u>. Тужениот <u>имал оправдана причина</u> да ги изнесува своите изјави и наводи и во насока на <u>заштита на своите права во судска постапка</u> и во насока на укажување на работи од значење за јавниот интерес во делот на примена на правото.

# КЛЕВЕТА И НАВРЕДА ВО ЖАЛБА

***Пресуда ГЖ.бр.591/20 од 06.11.2020 г. на АС Штип***

Навреда и клевета **содржани во жалба против прекршочна пресуда**, со која тужениот, како обвинет, на 27 страници изнел повеќе наводи спрема тужителот – полициски инспектор кој ја повел прекршочната постапка, меѓудругото, дека земал мито, дека е лош полицаец и полн злоба, дека е лажго и измамник, дека направил заговор против него и неговиот син...

Правилно одлучил првостепениот суд согласно погоре наведените законски одредби да го одбие тужбеното барање на тужителот онака како што е поставено, бидејки се утврди дека зборовите за кој во тужбата преставуват „навреда и клевета„ во дел не се однесуваат за тужителот, а дел се **изнесени во рамките на судската постапка каде е исклучена одговорноста за навреда и клевета**.

# НАВРЕДА ВО ТЕК НА СУДСКА ПОСТАПКА

***Пресуда ГЖ.бр.4996/18 од 20.12.2018 г. на АС Скопје***

Судот утврдил граѓанска одговорност на тужениот за навреда спрема тужителката сторена на рочиште од 19.12.2017 година во предметот П5.7/17 на ОС Велес, заради наведените зборови **„со кого да се расправам со ненормална**“. Досудена е штета од 15.000 денари.

(Изјавата била дадена на тонски запис и не е внесена во стенографскиот запис. Судечкиот судија не го казнил тужениот.)

... во текот на давањето на навредливата изјава тужениот не одговарал на прашање на судот, или на прашање на неговиот или полномошникот на тужителката, ниту изречените навредливи зборови се однесувале на репродуцирање, односно пренесување на искажани навреди кои се случиле на денот на настанот во хотелот Панини, туку се изнесени откако судијата по втор пат го прашал тужениот дали навистина на денот на настанот и ги упатил на тужителката збровите „јадам, јадам... па ако јадам п. ќе јадам на некоја подобра“, на што тој потврдно одговорил, за потоа без никаков повод од тужената, да продолжи со давањето на изјавата: „со кого да се расправам, со ненормалнава“.

# КЛЕВЕТА И НАВРЕДА СПРЕМА СУДИЈА ВО СУДСКА ПОСТАПКА

***Пресуда ГЖ.бр.2251/19 од 06.12.2019 г. на АС Битола***

Тужениот **на записник побарал изземање** на судијата и навел: „Вие од 80-те години за мојот стан ги зедовте парите од Трудбеник, а јас сум работел во трудбеник поради тоа што ги деливте парите, пријателството Ваше продолжи, а ми беше кажано и од брат ми и од татко ми и од мајка ми и така станавте блиски поради тоа се измешаа работите на тестаментот и времената мерка“, па во продолжение навел „барам да отстапите од овој предмет, да немаме никаква врска, имаме доста докази, градот е мал, се зборува, кој бевте и што бевте и што правите и што баравте, затоа Ве молам да поднесите отстапка да не дојде до други подалечни расправии...“.

Нема одговорност на тужениот за **тврдењето на факти** што се однесуваат на сега тужителот, а кое го дал во судската постапка, дотолку повеќе што истото го сторил заради појаснување на причините на кои го засновал барањето за изземање на сега тужителот во својство на судија, односно заради остварување на своите права и интереси.

# СЛОБОДА НА НОВИНАРСКО ИЗРАЗУВАЊЕ

***Пресуда Рев2.бр.216/17 од 19.04.2018 г. на Врховен суд на РМ***

Клевета во емисијата КОД на Канал 5, изјави за измамнички дејствија на „Кредитнет“, лихварска мрежа, основање мрежи на фирми заради измами...

... првотужената постапила со добра волја во согласност со професионалните стандарди на новинарската професија, со оглед дека во конкретниот случај релевантните податоци за работата на третотужителот ги добила од државни институции во поткрепа на вистинитоста на тврдењето, а заради остварување на легитимната и професионална цел која сакала да ја оствари со јавно изразеното мислење преку емисијата прикажана кај второтужениот. На овој начин, првотужената направила посериозни напори за истражување дали постојат и се вистинити објективните факти, без притоа да има намера да наштети.
Во конкретниот случај кумулативно се исполнети законските претпоставки за **исклучување на одговорноста** на првотужената од одговорноста при вршење на **новинарската професија** за тврдења за факти кои се штетни за честа и угледот изнесени преку средство за јавно информирање.

# СЛОБОДА НА ПОЛИТИЧКО ИЗРАЗУВАЊЕ

***Пресуда П5.бр.618/19 од 22.04.2019 г. на ОГС Скопје***

Утврдена одговорност за клевета изречена од **потпретседател на опозициона политичка партија** спрема физичко лице – брат на премиер:
... „прозападни и про НАТО и ЕУ вредности, не се наместени тендери, бизниси за членови на семејството и братот на Премиерот, кој станува главен бизнис фактор во државата. Тоа се далеку од едни европски и западни вредности“.
Барањето за надомест на штета е одбиено.

...тужениот не ја докажа вистинитоста на своето тврдење за наместени тендери кое преставува факт, а не вредносен суд.
...тужителот не е политички опонент на тужениот, за да истиот и биде изложен на критика, истиот е стопанственик кој се занимава со сопствен бизнис и временски гледано истиот обавувал своја приватна дејност како и кога политичката партија на која припаѓа тужениот не била на власт така и сега во период кога неговиот брат е претседател на политичка партија која е на власт и е Премиер на РСМ.

# СЛОБОДА НА ПОЛИТИЧКО ИЗРАЗУВАЊЕ

***Пресуда П5.бр.618/19 од 22.04.2019 г. на ОГС Скопје***

Утврдена одговорност за клевета изречена од **потпретседател на опозициона политичка партија** спрема физичко лице – брат на премиер:
... „прозападни и про НАТО и ЕУ вредности, не се наместени тендери, бизниси за членови на семејството и братот на Премиерот, кој станува главен бизнис фактор во државата. Тоа се далеку од едни европски и западни вредности“.
Барањето за надомест на штета е одбиено.

... Изнесените тврдења за наместени тендери без релевантни докази од кои тужениот би имал доволна фактичка основа да поверува во вистинитоста на истите, а упатени до братот на Премиерот – сега тужителот кој не извршува јавна политичка функција, се **надвор од прифатлива критика** упатена од тужениот како потпретседател на опозициона партија до власта.

***Благодарам на вниманието***

**aleksandar.shopov@gmail.com**

